С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 5 година XLIV

02 април 2008

62.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување- проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Одлуката за измена и дополнување-проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/1
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана 31.03.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година и тоа на следниот начин:

	Буџет	Самофин.	Донации	Дотации	Кредит
Се зголемуваат приходите на следните потставки:					
723112 Средства за екскурзии	0	1.020.000	0	0	0
723119 Други помошни активности во образованието		315.000	0	0	0
731117 Приходи од продажба на општински имот	16.500.000	0	0	0	0
	16.500.000	**1.335.000**	**0**	**0**	**0**

И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки:

	Е0 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА				
426990	Други оперативни расдходи	1.000.000	0	0	0	0
	ЕА КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА				
482930	Реконструкција на други објекти	9.500.000	0	0	0	0
483240	Купување на информатичка и видео опрема	1.000.000	0	0	0	0
483290	Купување на друга опрема	5.000.000	0	0	0	0
	М1 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ				
421240	Течни горива	0	0	0	-670.000	0
425990	Други договорни услуги	0	135.000	0	670.000	0
483310	Купување на моторни возила	0	-135.000	0	0	0
	N1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ				
423120	Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените	0	315.000	0	0	0
	N2 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ				
425750	Услуги за вонучилишни образовни активности	0	1.020.000	0	0	0
425920	Услуги за копирање,печатење и издавање	0	-810.000	0	0	0
425990	Други договорни услуги	0	810.000	0	0	0
		16.500.000	**1.335.000**	**0**	**0**	**0**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел од Буџетот на општината за 2008 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1814/3
01.04.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

63.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Буџетски календар за 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Буџетски календар за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/2
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Буџетски календар за 2008 година

1.Советот на Општина Велес го усвои Буџетскиот календар за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1814/4
01.04.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ' бр.61/04), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2008 година, донесе

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР

Можен датум	**Буџетски активности**	**Одговорност**
декември/ февруари-март	Советот на Општината го донесува буџетскиот календар	Закон за финансирање на ЕЛС, (Сл.весник бр.61/04, член 27, став 4 и 5)
април	Министерот за финансии доставува до Владата на РМ фискална стратегија на РМ за наредните три години	Закон за буџетите(Сл.весник бр.64/05, член 16)
април	Советот на Општината ја усвојува или разгледува фискалната стратегија на Општината	Одделението за локален економски развој
април-мај	Градоначалникот подготвува препораки за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет	Градоначалник Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
мај - јуни	Општинските буџетски корисници ги достaвуваат нивните финансиски планови заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции	Буџетски корисници
јули - август	Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот ги анализира барањата од буџетските корисници и го известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања)	Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
септември	Министерот за финансии го доставува буџетскиот циркулар до општините (најдоцна до 30.09.)	Закон за буџетите (Сл.весник бр.64/05, член 21) Закон за финансирање на ЕЛС(Сл.весник бр.61/04, член 27, став 1 и 2)
октомври	Градоначалникот и Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година	Градоначалник, Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот

октомври	Буџетските информации се доставуваат до Оделенијата во Општината, заедно со упатствата за основните насоки и препораки од Градоначалникот	Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
октомври	Проценките на трошоците за наредната буџетска година се враќаат во Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот од останатите одделенија и сектори	Раководители на сектори Раководители на одделенија
30 октомври	а. Се собираат буџетските барања б. Барањата се анализираат,усогласуваат и поднесувааат до Градоначалникот в. Се изготвува билансот на приходи г. Се изготвува билансот на расходи	Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
ноември	Градоначалникот го разгледува и одобрува Нацрт-буџетот подготвен од страна на Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот	Градоначалник
крај на ноември	Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува прв пат од Советот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања	Совет на Општина
декември	Се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот	Градоначалник
декември	Се води расправа во телата на Советот на Општината	Комисија за финансирање и буџет
крај на декември	Советот на Општината го усвојува буџетот за наредната година (најдоцна до 31 декември)	Совет на Општина
јануари	Започнува новата буџетска година	

Број 07-1814/4
01.04.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с,р,

64.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Детален урбанистички план „Димитар Влахов“ – Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 во Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Детален урбанистички план „Димитар Влахов“ – Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 во Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/3
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05 и 137/07), член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.03.2008 година донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на ДУП „Димитар Влахов” - Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 во Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на ДУП „Димитар Влахов” - Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 во Велес објавена во „Сл.гласник на Општина Велес” 2/83, 2/02, 4/03 и 6/04.

Измената и дополнувањето на ДУП е во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ” бр. 51/05 и 137/07), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови(„Сл.весник на РМ” бр. 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.78/06 и 140/07).

Член 2

Просторот со кој се врши изменување и дополнување на ДУП „Димитар Влахов” - Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 во Велес е со површина на урбано подрачје од 1.92ha.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

-Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на изменување и дополнување на ДУП „Димитар Влахов” - Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 во Велес.

-Согласност од Министерството за транспорт и врски – Скопје бр.16-17002 од 22.02.2008год.

-Извештај од јавна презентација и јавната анкета на Нацрт изменување и дополнување на ДУП „Димитар Влахов” - Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 во Велес.

Член 4

Изменувањето и дополнувањето на ДУП „Димитар Влахов” - Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 во Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои: еден се чува во архивот на донесувачот на планот – Општина Велес, еден кај органот што го спроведува – Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животна средина, еден во надлежниот државен архив, еден примерок се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот во електронски формат, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и седмиот примерок се изложува кај донесувачот на планот заради достапност на јавноста.

Член 5

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес на чување и користење.

Член 6

Изменување и дополнување на ДУП „Димитар Влахов” - Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 во Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-1814/5
01.04.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

65.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на организирање на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на организирање на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/4
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 57, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/02), член 9 од Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа („Сл.весник на РМ” бр.105/07) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.03.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на организирање на општинската администрација на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.6/05,8/05,1/05 и 7/06) во членот 4, во ставот 2 зборот „и“ пред Одделение за внатрешна ревизија се брише, а точката по зборот „ревизија“ се заменува со запирка. По запирката се додаваат зборовите „и Одделение за управување со човечки ресурси“.

Член 2

Во член 5, во став 1, после алинеја „четири“, се додава нова алинеја која гласи „Одделние за управување со човечки ресурси“.

Член 3

Во член 6, во точката 1, зборовите „човечки ресурси“ се бришат.

Член 4

Во член 8, во точката А.1. зборовите „човечки ресурси“ се бришат.

Член 5

Во член 9, на почетокот на текстот, зборовите „човечки ресурси“ се бришат.

Член 6

После точка Д и член 16 „ Одделение за внатрешна ревизија“ се додава нова точка „Ѓ Одделение за управување со човечки ресурси “.
После членот 17 се додава нов член 18 кој гласи:

„Член 18“

Одделението за управување со човечки ресурси врши развивање и обединување на политиките, во рамките на делокругот на одделението, координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите за работа и поддржување на работата на раководителите на секторите и градоначалникот.

Изготвува програма и упатства за работа на одделението, Одлука за организизација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација и Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација, како и измени и дополнувања на овие акти. Дава стручна помош од областа на управувањето со човечките ресурси на другите одделенија, води грижа за правилна примена на законските и подзаконските акти од областа на човечките ресурси. Ја води и следи работата на Комисијата за водење на дициплинска постапка како и Комисијата за утврдување на материјална одговорност, води грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените, ги спроведува активностите околу оценувањето на државните службеници, подготвува материјали и документи, кои содржат: предлог-план за работа на одделението, извештај за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението, предлози за политики по начелни прашања од делокругот на одделението, организира законито и ажурно водење на персоналните досиеја на сите вработени во општинската администрација.

Ги спроведува законските и подзаконските прописи за државните службеници и за вработените без статус на државни службеници во општинската администрација,

покренува иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од областа на човечките ресурси, соработува со другите одделенија во секторите.

Одделението за управување со човечки ресурси изготвува прописи и други општи акти од областа на работните односи, изготвува поединечни акти кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите на вработените во општинската администрација, ја следи кариерата на вработените, се грижи за стручното усовршување, односно обучување на вработените, воспоставува стандарди за висококвалитетна општинска администрација, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на Општината.

Останатите членови после членот 18, нумерички се зголемуваат за еден број повеќе.

Член 4

Се задолжува Комисијата за Статут и прописи да го утврди пречистениот текст на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на организирање на општинската администрација на Општина Велес.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1814/6
01.04.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

66.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион

Се објавува Одлуката за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/5
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24, 25 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РМ", број 63/07), а во согласност со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02),

Советот на Општина Велес на ден 31.03.2008 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион

Општи одредби

Член 1

Заради вршење на стручни работи од значење на Вардарскиот плански регион, се основа Центар за развој на Вардарски плански регион.

Член 2

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион го основаат единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на овој плански регион врз основа на Одлуки донесени на секој од Советите на општините:

1.Општина Велес
2.Општина Градско
3.Општина Демир Капија
4.Општина Кавадарци
5.Општина Лозово
6.Општина Неготино
7.Општина Росоман
8.Општина Свети Николе и
9.Општина Чашка

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

Член 3

Седиштето на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион е во Велес на улица „Панко Брашнар", број 1, во Велес .

Делокруг на работа на Центарот

Член 4

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, ги врши следниве работи:

- Ја изготвува предлог-програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;

.

- Ги доставува предлог-проектите за регионален развој врз основа на утврдената листа на предлог-проекти од страна на Советот за развој на Вардарскиот плански регион, најдоцна до 15 декември во тековната година до Бирото за регионален развој;

- Ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион;

- Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;

- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;

- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;

- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;

- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;

-Обезбедува стручни услуги за здруженијата на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;

-Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;

- Спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;

-Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;

-Подготвува годишен извештај за своето работење и истиот го доставува до Советот за развој на Вардарскиот плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;

-Врши стручни и административни работи за потребите на Советот за развој на Вардарскиот плански регион;

Организациска поставеност

Член 5

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион (во понатомошниот текст: Центарот) има раководител, кој се избира по пат на јавен конкурс.

Раководителот на Центарот го избира Советот за развој на Вардарскиот плански регион, со 2/3 мнозинство.

Мандатот на раководителот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

Член 6

За раководител на Центарот, може да биде избрано лице, кое ги исполнува следниве услови:

-ги исполнува општите услови за вработување, според Законот за работни односи;

-има минимум 5 (пет) години работно искуство во областа на локалната самоуправа или во државната администрација;

-има завршено VII1 степен високо образование, од општествените науки (право, економија, политички систем, регионален развој и слично)

-има познавања за рамномерниот регионален развој и системот на локална самоуоправа;

Член 7

Раководителот на Центарот ги има следниве надлежности:

-Го претставува и застапува Центарот;

-Управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот;

-Го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот;

-Одлучува за вработувањата, правата, должностите и одговорностите на вработените во администрацијата на центарот;

-Донесува правилник за систематизација на работни места во администрацијата на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Вардарскиот плански регион.

-Раководи со администрацијата на Центарот;

-Предлага на Советот за развој на Вардарскиот плански регион програми, проекти, извештаи и останати документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на Вардарскиот плански регион.

-Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот;

-Врши и други работи утврдени со Закон.

Член 8

Центарот има администрација, која се организира во сектори или одделенија.

Одлуката за организацијата на администрацијата на Центарот ја донесува Советот за развој на Вардарскиот плански регион, на предлог на раководителот на Центарот.

Правата и обврските на вработените во администрацијата на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работните односи и тие немаат својство на државни службеници.

Финансирање на Центарот

Член 9

Центарот има финансиски годишен план, кој се предлага од страна на раководителот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Вардарскиот плански регион.

Предлог финансискиот годишен план на Центарот, мора да се достави до Советот за развој на Вардарскиот плански регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на финансискиот годишен план на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Времето финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

Доколку во рок од три месеци не се усвои финансискиот годишен план за финансирање на Центарот за тековната година, се применува финансискиот годишен план од претходната година.

Член 10

Единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Вардарскиот плански регион, се согласни, да го финансираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе планираат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

Член 11

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Вардарскиот плански регион, се определува на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Вардарскиот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.

Член 12

Раководителот на Центарот доставува годишен финансиски извештај за работата на Центарот до Советот за развој на Вардарскиот плански регион и до Советите на единиците на локалната самоуправа кои се во состав на планскиот регион.

Член 13

` На предлог на членовите на Советот или на предлог на раководителот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финасиските средства за тековното работење на Центарот.

Преодни и завршни одредби

Член 14

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, ќе се основа во моментот кога сите Совети на единиците на локалната самоуправа од Вардарскиот плански регион ќе ја усвојат оваа Одлука за основање на Центарот.

Член 15

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на оваа Одлука, од страна на сите Совети на единиците на локалната самоуправа, треба да се изврши избор на раководител на Центарот од страна на Советот.

До изборот на раководител на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, се овластува претседателот на Советот на Вардарскиот плански регион Аце Коцевски, да ги преземе обврските поврзани со регистрација на Центарот пред надлежните државни институции и останатите обврски утврдени со Законот за рамномерен регионален развој и оваа одлука.

Член 16

Заради имплементација на член 62 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Градоначалниците на единиците на локалните самоуправи од Вардарскиот плански регион и министерот за локална самоуправа, во најкраток можен рок ќе потпишат Договор за кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за основање Центар за развој на Вардарски плански регион („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 15 / 07).

Член 18

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1814/7
01.04.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

.

,**67.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на времено користење на дел од објект сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на дел од објект сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/6
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2008 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за давање на времено користење на дел од објект сопственост на Општина Велес

Член 1

Општина Велес е сопственик на објект што се наоѓа на КП 16883, заведен на Имотен лист бр.23410 за КО Велес, во м.в. „Моша Пијаде“, со вкупна површина од 212 м2. Дел од објектот со површина од 110 м2 се наменети за работа на Дневен центар - Служба за превенција и третман од злоупотреба на дроги во Општина Велес.

Член 2

Делот од објект утврден во член 1 на Оваа Одлука, со вкупна површина од 110 м2, се дава на времено користење без надоместок на Јавната здравствена установа Општа Болница од Велес.

Површината од 110м2 се состои од три простории, хол и санитарен јазол. Составен дел на оваа одлука е графичкиот приказ.

Се задолжува Јавната здравствена установа Општа Болница од Велес, просториите кои и се даваат на времено користење да ги користи исклучиво за работата на Дневниот центар - Служба за превенција и третман од злоупотреба на дроги во Општина Велес.

Член 3

Јавната здравствена установа Општа Болница Велес е должна просториите во делот од објектот утврден во член 2 на оваа Одлука да ги користи, одржува и за нив да се грижи како добар домаќин за извршување на своите тековни активности и навремено да ги измирува трошоците за потрошена струја, вода и изнесување на смет.

Правото на користење на делот од објектот се утврдува на 5 (пет) години, со право на продолжување на рокот.

Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Велес, за правата, обврските и одговорностите, како и за начинот на користење на делот од објектот, да склучи посебен договор со корисникот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1814/8
01.04.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

68.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за заедничко организирање на линиски превоз на патници на територијата на Општина Велес и Општина Градско

Се објавува Одлуката за заедничко организирање на линиски превоз на патници на територијата на Општина Велес и Општина Градско, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/7
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр. 68/04 и 127/06), член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06)

Советот на Општина Велес на седница одржана на 31.03.2008 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ЗАЕДНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС И ОПШТИНА ГРАДСКО

Член 1

Со оваа Одлука се уредува заедничкото организирање на линискиот превоз на патници помеѓу Општина Велес и Општина Градско (во натамошниот текст: општини).

Член 2

Заедничкото организирање на овој вид превоз, Општините ќе го регулираат со склучување на спогодба.

Со спогодбата ќе се уреди заедничкиот превоз на патниците, мрежата на линии, единствениот возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување, локација на автобуските стојалишта, нивно обележување, опремување, одржување и користење, тарифен систем и систем на наплата, критериуми и начин за издавање и одземање на дозволата за вршење на превозот, критериуми за доделување на линиите на превозниците и распоредување на возните редови на превозниците од општините.

Член 3

Превозот на патниците на територијата на овие општини ќе го врши физичко или правно лице кои ги исполнува пропишаните законски услови за овој вид на превоз, за што ќе добие лиценца, заверен возен ред и дозвола за линијата.

Член 4

Постапката за доделување на линиите на превозниците ќе ја спроведува 7 (седум) члена комисија формирана од градоначалниците на општините Велес и Градско.

Член 5

Лиценцата за вршење на заеднички линиски превоз на патници, завериот возен ред и дозволата за линијата ќе ја издаде надлежниот општински орган на општината од каде што поаѓа линијата, согласно донесените Одлуки за општински линиски превоз на патници во општината.

Член 6

Се овластува Градоначалникот на Општина Велес да ја потпише спогодбата за заедничко организирање на линискиот превоз на патици со Општина Градско, согласно оваа одлука.

Член 7

Оваа Одлука ќе се применува по донесувањето на Одлуката за заедничко организирање на линискиот превоз на патници на територија на Општина Велес и Општина Градско, од страна на Советот на Општина Градско.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1814/9
01.04.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

69.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за откажување од корисничко право на дел од недвижен имот

Се објавува Одлуката за откажување од корисничко право на дел од недвижен имот, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/8
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за градежното земјиште ("Сл. весник на РМ" бр. 53/01 и 97/01), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.03 2008 година, донесе

О Д Л У К А
за откажување од корисничко право на дел од недвижен имот

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес се откажува од корисничкото право на дел од недвижен имот заведен во ИЛ бр.26209 катастарска парцела 16683/2 за КО Велес на површина 1498 m2 и имот заведен во ИЛ бр.8399 катастарска парцела 16682/3 и 16682/4 за КО Велес на површина 286 m2 согласно изготвениот елаборат за нумерички податоци бр. 1206/18 од 19.03.2008 година изработен од страна на ДГР Теовадо ДООЕЛ Велес.

Член 2

Откажувањето на корисничкото право претставува основ за отпочнување на постапката за доделување на градежно земјиште и спроведување на изменувањето и дополнувањето на Генералниот план за град Велес со диспозиција на бензиски станици – Општина Велес.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од денот на излагање на катастарски парцели 16682/3 и 16682/4 за КО Велес .

Број 07-1814/10
01.04.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

70.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот – објект Спортска сала „Партизан“

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот – објект Спортска сала „Партизан“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/9
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во согласност со член 67 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот - објект Спортска сала „Партизан“

Член 1

Во Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот - објект Спортска сала „Партизан“ („Службен гласник на Општина Велес“бр. 14/06,20/07), се врши измена во членот 2 каде бројот „5“ се брише и се заменува со „10 “.

Член 2

Во членот 3, вредноста од „400.000“ се брише и се заменува со „300.000“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1814/11
01.04.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

71.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на намена на објект сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на намена на објект сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/10
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02), член 46, став 1, од Статутот на Општина Велес(„Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.03.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на намена на објект сопственост на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за утврдување на намена на објект сопственост на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 20/06), се врши измена во членот 4, каде после зборот „Народната кујна“ се става запирка и се додаваат зборовите „во рок од пет години со право на продолжување на истиот“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1814/12
01.04.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

72.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за усвојување на Локален акционен план за контрола на туберкулозата на Општина Велес 2008-2012

Се објавува Одлуката за усвојување на Локален акционен план за контрола на туберкулозата на Општина Велес 2008-2012, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2008 година.

Број 08-1882/11
02.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2008 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Локален акционен план за контрола на туберкулозата на Општина Велес 2008-2012

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Локален акционен план за контрола на туберкулозата на

Општина Велес 2008-2012 година.

Член 2

Локалниот акционен план за контрола на туберкулозата на Општина Велес 2008-2012 година претставува стратешки документ за преземање конкретни активности за превенција и контрола на туберкулозата на локално ниво.

Член 3

Локалниот акционен план за контрола на туберкулозата на Општина Велес 2008-2012 е стратешка рамка која ќе се имплементира преку проекти, планови и програми на општината.

Член 4

Се задолжува Општина Велес при изготвувањето и реализацијата на програмите за активностите на општината во сите области каде има надлежности, да се придржува на приоритетите содржани во овој документ.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1814/13
01.04.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

73.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
